**Од,**
**Здружението на наствници по стручни предмети**
**и раководни кадри од електротехничките,**
**машинските и сообраќајните училишта на**
**Република Северна Македонија**

## ПРЕДЛОЗИ ЗА ИСМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА

## ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Во овој Закон има одредени подобрувања, но круцијалните членови, кои ќе доведат до проблеми во средното стручно образование во државата се останати сеуште во законот. Предлагаме и бараме средба со неколку членови од Здружението – директори на училишта со Министерката.**

**Принципиелни предлози:**

1. Раздвојување на дуалното образование:
   - Дуално стручно образование по германски стандард во соработка со АНК (сите обврски (плаќања на учениците, едуцирани ментори со реализирани обуки, работодавачи верификувани за практично образование и сл.) и глоби ќе важат само за нив) и
   - Дуално стручно образование во паралелки со зголемен број часови по практична настава со макс. бр. на ученици 25 и корекција на наставните планови и програми за II, III и IV година со цел намалување на вкупниот број на часови неделно од 34 на 30 часа.

Компаниите кои реализираат дуално образование по германски стандард имаат поголеми можности за изведување на УПР. Дуалното образование го спроведуваат со различен пристап во однос на општите услови за работа, просторните капацитети, опременоста, менторирањето на учениците, финансискиот дел и слично во однос на другите компании. Со овој закон се дефинира еден единствен тип на дуално образование што не соодветствува со наставните планови и програми од различните модели на дуално образование, како ни со капацитетите и реалните можности и услови на другите компании во кои се реализира УПР во земјата во голем број дуални паралелки кои моментално постојат, со што постои можност да се затворат тие паралелки и да не се обезбедат соодветни компании. Со овој закон нема никаков конкретен дефиниран бенефит за компаниите. Тие воопшто не се мотивирани да соработуваат со нас и да се вклучат во реализација на УПР.

**Конкретни забелешки:**

Чл. 3 став 5. **Да се отфрли црвениот болдиран текст, бидејќи не треба да важи за дуалните кои не се по германски стандард.**

**Работодавач** е правно лице или физичко лице регистрирано како трговец поединец или занаетчија, **верификуван за изведување на практично образование,** кое го изведува како дел од стручното образование, според тековните услови на нивната активност, при што практичното образование не претставува нивна претежна дејност;

**Чл. 3 став 12. Да се додаде плавиот болдиран текст**

**Учењето преку работа (УПР)** е процес на учење што се случува кога учениците вршат реална работа во реална работна средина **и во установа за стручно образование и обука.**

**Член 8, став 8:** како предлог: да се дополни тоа со црвено

(8) Во стручно образование за квалификации од IV (четврто) ниво од МРК се вклучуваат ученици кои завршиле основно образование, односно I (прво) ниво од МРК. **( и кој предходно имат вклучен договор за реализација на Практична настава кај работодавач, и при упис го приложат докумет како услов за запишување на образовен профил. ( за редовни ученици за кој стручно училиште е безплатно и задолжително).**

**Член 18**

Во однос на ставовите 5, 6, 7, 8 и 9 да стои: **Дополнителен критериум и полагање/тестирање да се организира само ако има пријавени ученици на уписот со ист број на поени, а се над потребниот број на ученици за овој клас.**

**Член 19 став 5**

Да важи само за дуалното образование по германски стандард

(1) Ученикот има право на:

**5.финансиски надомест на начин и во износ утврден со овој закон и со договорот од членот 23 од овој закон,**

**Член 20**

**Следниот став да се спроведе во пракса и да се конкретизира, на пр. доколку е** вклучен во реализацијата на УПР **или доколку вработи компанијата ученик кој реализирал УПР во истата, да биде ослободен од одредени даноци/придонеси и сл.** Досега нема информации за финансиски, царински, даночни олеснувања и други придобивки за работодавачите. Ова мора прецизно да се утврди и да се спроведува во пракса затоа што прво на што работодавачот реагира е „Што е мојот бенефит од земањето на ученици за УПР?" Покрај убедувањето дека добива готов кадар кој веднаш може да го вработи по завршување на средното образование, сепак потребно е даночно олеснување или слично со цел дополнително работодавачите да бидат мотивирани да земаат ученици на УПР.

**Наш предлог е да се изработи веднаш со донесувањето на законот Правилник, според кој ќе се спроведуваат во пракса олеснувањата за компаниите, за истите да бидат мотивирани да реализираат кај нив УПР. Голем број мали компании не се мотивирани и заинтересирани за поседување сертифицирани ментори.**

Работодавачот има право:

1) доколку работодавачот е вклучен во практичното образование на ученици, се стекнува со финансиски, царински, даночни олеснувања и други придобивки утврдени со правилник донесен од министерот за образование и наука, министерот за економија и труд и министерот за финансии;

(2) Работодавачот има обврска:

4) да обезбеди ментори;

**Член 20**

**Да важи само за дуалните паралелки по германски стандард**

7. да склучи меморандум со установата за стручно образование и обука и го достави до својата комора, односно до комора која води ваква евиденција доколку не е член на комора;

10.да се верификува за реализација на практично образование;

12.во дуалното образование да обезбеди надоместок за ученикот во согласност со овој закон;

15. Во дуалното образование да обезбеди превоз на ученикот од училиштето, домот, односно ученичкиот дом до работното место доколку истото е оддалечено повеќе од 2.5 км од училиштето, домот, односно ученичкиот дом;

**Член 21**

**Следниот текст да важи само за дуално образование по германски стандард.**

Работодавачот во дуалното образование има обврска во договорот од член 23 став (1) од овој закон, да утврди месечен надомест во корист на ученикот, во висина од најмалку 10% во втора година, 15% во трета година и 20% во четврта година од минималната нето плата која Државен завод за статистика ја објавува, а која е исплатена во претходната година во Република Северна Македонија.

(1) Надоместокот за ученикот од став (1) на овој член, се исплаќа пропорционално на времето поминато на практично образование.

(2) Надоместокот за практичното образование на ученикот, работодавачот е должен да го исплати најдоцна до 15-ти во тековниот месец за претходниот месец.

**Сите компании не се во можност задолжително да исплаќаат паричен надоместок на секој ученик. Задолжителното давање паричен надоместок може да доведе до одбивност кај дел од компаниите за земање ученици на практична настава во компанија. Со тоа би се намалил бројот на ученици што би се запишале во стручно образование што пак индиректно би имало последици по самото училиште, бројот на вработени во училиштето,**

**создавањето на технолошки вишок и слично. Која е гаранцијата дека ученикот по завршување на средното образование ќе се вработи во истата компанија од која една, две или три години добивал паричен надоместок? Изминатите неколку години постои интензивна јавна кампања за промовирање на стручното образование што е за поздравување. Во таа насока е и доделувањето на стипендии на ученици кои ќе се запишат во стручно образование. Но, од друга страна обврската за паричен надоместок за УПР би значела оптоварување за компаниите и ќе се откажат и нема да соработуваат со училиштата. Со овој член ќе се затворат голем број од дуалните паралелки. Ова да важи само за дуалните паралелки по германски стандард.**

**Член 22, став (2)**

**алинеа 2):** да определи координатор за практично образование од редот на вработените; **(ова да е обврска на МОН да им обезбеди финансиска средства за да се отвори ново работно место на координатори кој ќе се прима на рок од 4 година а со можност да продолж уште 4 години ако има паралелки)**

**Обуката за ментор и обука за обучувач на ментор**

**Член 25**

**Следните ставови од овој член да важат само за дуално образование по германски стандард.**

(1) Обуката за ментор треба да му обезбеди на менторот основни педагошки и психолошки знаења и вештини за работа со ученици.

(2) Обуката за ментор се реализира според Програма за обука на ментори за практично образование, која на предлог на Центарот, ја утврдува министерот.

(3) На лицето кое има успешно завршено обука за ментор, му се издава сертификат и се запишува во Регистарот на ментори за практично образование кај работодавач, кој го води комората во електронска форма.

(4) Средствата за финансирањето на обука на ментори се обезбедуваат од:

1) самиот кандидат за ментор,
2) работодавачот,
3) **работодавачот и училиштето како партнери во дуалното образование, (да се избрише)**
4) национални проекти и програми и
5) од други извори: донации, легати, подароци, фондации и меѓународни проекти.

**Акредитација на работодавачите за спроведување на практично образование**

**Член 26**

**Следните ставови да важат само за дуално образование по германски стандард.**

(1) Практичното образование вклучително и дуално образование се спроведува само кај работодавач кој е акредитиран согласно членот 27 став (7) од овој закон.

(2) Работодавач кој не е акредитиран за извршување на практично образование, може да овозможи остварување на феријална практика, врз основа на договор кој го потпишува со установата и во кој гарантира дека ги исполнува обврските предвидени во стандардите за верификација и услови при работа од членот 27 став (2) од овој закон.

**Услови кои треба да ги исполнува работодавачот за да изведува практично образование**

**Член 27**

(1) Општи услови кои треба да ги исполнува работодавачот за да може да изведува практично образование се:

1) да е регистриран за вршење на дејност за која се врши практично образование;

2) да не е отворена стечајна постапка над работодавачот или е покрената постапка за ликвидација и

**Наредните ставови од овој член да важат само за дуално образование по германски стандард.**

3) најмалку едно лице од вработените кај работодавачот да биде ментор, запишан во Регистарот на ментори за практично образование кај работодавач.

(2) Работодавачите можат да вршат практично образование за ученици, доколку го исполнуваат општиот стандард за опрема и просторни услови за реализација на практично образование на ученици кај работодавач од член 60 точка 13 од овој закон, и посебните нормативите и стандардите за просторните услови и кадарот согласно наставната програма која се реализира кај нив.

(3) Посебните стандарди за опремата и просторните услови за реализација на практично образование на ученици кај работодавачи ги изготвуваат и донесуваат коморите, во соработка со Центарот, како координатор. Посебните стандарди мора да се исти за сите комори во Република Северна Македонија.

(4) Верификација на исполнетоста на условите и стандардите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ја вршат коморите.

(5) Коморите кои ги претставуваат интересите на работодавачите водат Регистар на верификувани работодавачи за практично образование.

(6) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практично образование, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

(7) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и за работодавачите во дуално образование.

(8) Регистарот на верификувани работодавачи, коморите го објавуваат на своите интернет страници.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Наш предлог е да нема државна стручна матура, туку да полагаат државна матура тие кои сакаат да продолжат на високообразовни институции, бидејќи ќе биде конфузно за учениците од стручните училишта, и не ќе можат да имаат право на избор пред запишувањето. Ова ќе се одрази негативно врз стручните училишта, а учениците во овие училишта ќе бидат дискриминирани во однос на другите. Тие 1 година однапред треба да знаат што ќе студираат, па да одлучат за која матура да се пријават, што е бесмислено.**

**Или, ако веќе мора да има државна стручна матура, учениците да имаат право да изберат дали ќе полагаат државна или државна стручна матура за упис на високообразовна институција на соодветна студиска програма, а за несоодветна студиска програма да мораат да полагаат државна матура.**

За да нема дискриминација на учениците од стручните училишта, полагањето на државна матура во стручното образование ќе значи дека учениците покрај на друг вид на високо образование, ќе можат да го продолжат образованието и на соодветните студиски програми.

Член 78

(3) Учениците од стручното образование со четиригодишно траење полагаат државна матура и/или државна стручна матура и/или училишна стручна матура.

(8) Учениците кои положиле државна стручна матура за запишување во високото образование по завршување на стручното образование со IV ниво од НРК, можат да го продолжат своето образование на високообразовна установа, на соодветна студиска програма.

(10) Учениците од стручното образование со IV ниво од НРК и од уметничкото образование кои сакаат да го продолжат своето образование на друг вид високо образование, различно од средното образование кое го завршиле, полагаат државна матура, согласно критериумите за упис на високообразовната установа. **(Овде да се додаде дека ако полагаат државна матура, ќе можат да го продолжат своето образование на високообразовна установа и на соодветна студиска програма.**

(11) Учениците од гимназиското образование кои сакаат да го продолжат своето образование на високо образование, полагаат државна матура, согласно критериумите за упис на високообразовната установа.

**Орган на управување на средно училиште**

**Член 124**

**Претставници од учениците да нема во Училишниот одбор, т.е. ставовите 2 и 6 од овој член да се бришат.**

*Образложение:* *Доволно е да се погледне членот за надлежностите на УО, како и мандатот на учениците кои би биле членови на УО. Дополнително, тие практично ќе бидат со мандат од само неколку месеци: од ОКТОМВРИ до ЈУНИ во тековната учебна година.*

(2) Училишниот одбор во јавното средно училиште е составен од 11 члена, и тоа: три претставника од наставниците и стручните соработници, три претставника од родителите, односно старателите на учениците, два претставника од основачот, еден претставник од деловната заедница и два претставника од редот на учениците од завршната година на образованието.

(6) Претставници од учениците се бираат од редот на ученичкиот совет.

**Дополнителни забелешки: При вработување на нов наставник, да му се додели веднаш ментор, а потоа наставникот да полага педагошка доквалификација, бидејќи цела година може да се случи новиот наставник да работи, а да нема ментор.**

**- Лиценцата за директор и сертификатот за англиски јазик не треба да се со важност 5 год. За лица на повисоки функции не треба да се полага воопшто ни еден испит, а за Директор на училиште, покрај обемните обуки, има и дополнителни, а покрај тоа лиценцата да биде само со 5 год. важност. Не е воопшто логично.**

**Претседател на ЗЕМСУ**

Датум:

04.10.2024

Душко Лазов

Здружение на наставници по стручни предмети и раководни кадри од училиштата Електротехничките, Машинските и Сообраќајните на Република Северна Македонија СКОПЈЕ